Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1300/2021

Дата: 15 -09- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Кавадарци ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1,3 со поставување на фотонапоснски панели на семјиште на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци.**

Вкупната површина на планираниот опфат изнесува 9,99 Ха.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y13821** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1,3 со поставување на фотонапоснски панели на семјиште на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1,3 со поставување на фотонапоснски панели на семјиште на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1,3 со поставување на фотонапоснски панели на семјиште на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Кавадарци, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 36232, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот **за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1,3 со поставување на фотонапоснски панели на семјиште на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци**.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1,3 со поставување на фотонапоснски панели на семјиште на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1300/2021 од 03.09.2021 година.

Услови за планирање на просторот **за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1,3 со поставување на фотонапоснски панели на семјиште на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска